

Шпаркасе Банка

# ВРАБОТУВА

# САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА ОДНОСИ СО КЛУЧНИ КЛИЕНТИ

**ЛОКАЦИЈА**
Скопје, Сектор за корпоративни клиенти / Оддел за големи клиенти

---

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

| | | | |
|---|---|---|---|
| **200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **120.000 клиенти во земјата** | **35 експозитури и 95 АТМ** | **посветеност, кредибилитет и сигурност** |

## Што ќе биде твојата улога

Подготовка на стратегија за соработка со клучните клиенти, која вклучува начини за зголемување на обемот на производи и услуги кои клиентот ги користи, како и подобрување на профитабилноста;

Таргетирање на соодветните клиенти на пазарот, продажба на сите продукти во Банката (со посебен акцент на ризичните продукти¬) и идентификација на потенцијалните ризици и/или можности поврзани со одреден клиент;

Градење на односи со клиентите за поттикнување на нови и повторливи бизнис можности како и обезбедување на беспрекорни услуги на клиентите;

Грижа за постоечките клиенти и превземање на нови клиенти имајќи го предвид ризикот, профитот и големината на пласманот ("претприемач во претпријатието");

Следење на опкружувањето, земајќи ги предвид потребите на клиентите, активностите на конкуренцијата и општите информации.

---

## Кои квалификации се потребни

ВСС - Економски факултет

Минимум 3 години работно искуство во Банка

Активно познавање на англиски јазик и познавање на работа со компјутер (МС Office)

Добро познавање на  банкарските продукти и работење, одлично познавање на финансиската анализа и процена на бонитетот, анализа на финансиските показатели, основи на законот за облигации, основи на законот за девизно работење, основи за документарните работи, основи на закон за трговски друштва

Комуникациски и лидерски  вештини во делот на препознавање приоритети и ризици во работењето, самоиницијативност и способност за решавање проблеми, планирање и одлучување како и способност за работа во кратки рокови

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Динамична организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените

Доколку веруваш дека токму ти си она што го бараме и имаш желба да се приклучиш кон тимот на Шпаркасе банка, те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **12.03.2023** со назнака **„Апликација за САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА ОДНОСИ СО КЛУЧНИ КЛИЕНТИ “.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на Ваша согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 1 година, доколку сте согласни со тоа. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме! #верувајвоиднината

SPARKASSE Bank